

# МОНИТОРИНГ

# ОПШТИНИТЕ И СОЦИЈАЛНИТЕ УСЛУГИ ВО ЗАЕДНИЦАТА

октомври 2024



# СОДРЖИНА


1 Вовед и методологија ■ ■ ■ ■ ■ 1

2 Општи наоди ■ ■ ■ ■ ■ ■ ■ ■ 4

3 Клучни наоди по општини ■ ■ ■ ■ ■ 6

3.1 Општина Велес ■ ■ ■ ■ ■ 6

3.2 Општина Струмица ■ ■ ■ ■ 8

3.3 Општина Куманово ■ ■ ■ ■ 11

3.4 Општина Крива Паланка ■ ■ 18

3.5 Општина Свети Николе ■ ■ ■ 22

3.6 Општина Ново Село ■ ■ ■ ■ 24

# 1. Вовед и методологија

Усвојувањето на Националната стратегија за деинституционализација 2018-2027 „Тимјаник“ во 2018 година, во Република Северна Македонија го зацрта преминот од институционална грижа кон систем за социјална грижа во семејството и заедницата со поддршка од социјалните служби. Во 2019 година стапи во сила новиот Закон за социјална заштита, чија цел е да се воведат системски промени кои овозможуваат непречено реализирање на тековните процеси на деинституционализацијата, децентрализацијата и плурализацијата во обезбедувањето социјални услуги. Донесена е и Националната програма за развој на социјалната заштита 2022-2032.

Носители на социјалната заштита, покрај државата се и општините и градот Скопје. Тие треба да усвојуваат мерки за социјална заштита и да воведат нови квалитетни социјални услуги што ќе одговорат на потребите на заедницата. Општините спроведуваат активности за социјална заштита преку директно основање установи за социјална заштита или им пренесуваат надлежности за спроведување активности за социјална заштита на здруженија, и други правни и физички лица. Законот ги дефинира современите начела ориентирани кон корисникот и дава јасна поделба на одговорностите на релевантните актери, на централно и на локално ниво, во сите области на дејствување.

Со законот се зајакна улогата на општините во обезбедувањето социјални услуги. Предвидени се низа обврски како во однос на планирање активности на стратешко ниво, така и во однос на реализација на локално оперативно ниво. Општинската администрација треба да ги идентификува ранливите групи граѓани, да ги мапира социјалните проблеми, да ги анализира капацитетите и постојните ресурси во општината, како и да прави проценка на специфичните потреби за развој на социјални услуги за жителите на локалното подрачје. Сето ова претставува основа за подготовка на општински социјален план и годишна програма на активности што е законска обврска за единиците на локалната самоуправа.

# 1. Вовед и методологија

Според законот, општините, исто така, добија и значително поважна улога за стратешко планирање и обезбедување услуги преку формирањето општински совети за социјална заштита и совети за социјална заштита на планските региони.

Со новиот закон, за прв пат се воведува терминологија и се прави разлика меѓу овластените и лиценцираните даватели на услуги. Министерството ја утврдува мрежата на овластени даватели на социјални услуги која се состои од јавни установи за социјална заштита и други овластени даватели на социјални услуги, со кои министерството или општината склучиле управен договор за обезбедување социјални услуги (здруженија, други домашни и странски правни субјекти), како и физички лица со кои центарот за социјална работа склучил управен договор. Надвор од мрежата, социјалните услуги ги обезбедуваат здруженија, и други правни лица и физички лица кои добиле дозвола за вршење на дејност од областа на социјалната заштита (лиценца).

Законот за социјална заштита дефинира шест категории социјални услуги што треба да ги овозможат општините: (1) Услуги за информирање и упатување; (2) Стручна помош и поддршка; (3) Советување; (4) Услуги во домот (помош и нега во домот и лична асистенција); (5) Услуги во заедницата (дневен, времен престој, ресоцијализација, рехабилитација, реинтеграција, одмена на семејна грижа и куќа на половина пат) и (6) Услуги за вон-семејна заштита (живеење со поддршка, згрижување во друго семејство и сместување во установа).

Пет години по усвојувањето на законот, НВО Инфоцентарот во соработка со партнерските организации (Спектар од Крива Паланка, Организација на жените од Струмица, Граѓанската иницијатива на жени од Свети Николе и Активо од Велес), во периодот јуни - септември 2024 година, спроведе мониторинг на шест општини: Струмица, Ново Село, Свети Николе, Велес, Крива Паланка и Куманово.

# 1. Вовед и методологија

Преку пристапот до информации од јавен карактер, интервјуа со општинската администрација и преку следење на интернет-страниците на општините, мониториравме како се спроведува Законот за социјална заштита односно мониториравме дали општините имаат социјален план, социјален совет и дали користат сервис од лиценцирани даватели на социјални услуги. Исто така, набљудувавме кои социјални услуги им се обезбедуваат на ранливите категории граѓани на локално ниво, дали се воведени нови социјални услуги, како се финансираат услугите и др.

Мониторинг се реализираше во рамки на проектот „Активни граѓани и партиципативна демократија на локално ниво“, финансиски поддржан од меѓународниот центар Улоф Палме од Шведска.

# 2. Општи наоди

Податоците од мониторингот покажуваат дека речиси сите општини даваат социјални услуги, но тоа најчесто не се нови услуги, туку станува збор за услуги кои локалните самоуправи ги обезбедувале уште пред донесувањето на новиот закон.

Има општини кои и после пет години од влегувањето во сила на законот се уште не подготвиле и усвоиле социјален план. Некои општини, пак, го донеле социјалниот план дури годинава. Поголемиот дел од општините кои имаат социјални планови и кои предвиделе бројни социјални услуги, се уште не ги обезбедиле планираните социјални сервиси за граѓаните.

Општина Ново Село нема социјален совет, нема социјален план и се уште не го започнала процесот за негова подготовка. Оваа општина не издвојува буџетски средства за реализација на социјални услуги, но сепак во општината се обезбедува севис од еден лиценциран давател на социјални услуги со средства обезбедени преку МТСП. Социјалниот план на Свети Николе е донесен во 2024 година, а формиран е и социјален совет. Во оваа општина нема лиценциран давател на социјални услуги.

Во Струмица се уште не е започнат процесот на изработка нов социјален план, иако постојниот истекува годинава. Во Социјалниот план на Општина Струмица (2021 – 2024) предвидени се вкупно седум социјални услуги, а според добиените информации, заклучно со 2023 година, обезбедени се само две услуги наменети за  стари и изнемоштени лица и за лица со попреченост. Општината има социјален совет, а на нејзина територија работат пет лиценцирани даватели на услуги.

Во социјалниот план на Крива Паланка за периодот од 2021 до 2024 година предвидени се девет нови социјални услуги. Досега се испорачуваат само три (дневен центар за лица со интелектуална и умерена попреченост, дневен центар за активно стареење,и помош и нега во домот), а во фаза на реализација е домот за стари лица.

# 2. Општи наоди

Процесот за подготовка нов социјален план се уште не е започнат. Општината има социјален совет и еден лиценциран давател на социјални услуги.

Во Велес од десет предвидени социјални услуги во согласност со Социјалниот план 2021-2025, до крајот на 2023 година обезбедени биле само четири вида услуги (сервисни услуги за стари лица, персонална асистенција, центар за социјална инклузија и мал групен дом за лица со попреченост). Општината има социјален совет, а на нејзината територијата функционираат два субјекта лиценцирани даватели на услуги.

Иако Социјалниот план на Општина Куманово (2023-2026) се реализира неполни две години, најголем дел од предвидените социјални услуги веќе се воспоставени, а програмите за социјална заштита за 2023 и 2024 година се изготвени во согласност со овој стратешки документ. Општината има социјален совет, а лиценцирани се и неколку даватели на социјални услуги.

Повеќето од општините кои имаат социјален план не подготвуваат годишна програма на активности според донесениот социјален план. Програмите за реализација на социјалниот план сè уште се составен дел на годишните програми за социјална заштита. Станува збор за одамна усвоена практика. Не се подготвуваат ниту годишни извештаи за реализација на годишните програми, а со самото тоа и на социјалните планови.

Средствата потребни за успешно спроведување на социјалните услуги во локалните самоуправи главно се обезбедуваат од МТСП, странски донации и општинските буџети.

Ограничениот број лиценцирани даватели на услуги претставува дополнителен предизвик за воведување нови социјални услуги во некои од општините

# 3. Клучни наоди по општини

## 3.1 Општина Велес

Општина Велес има социјален план за периодот од 2021 до 2025 година. Во последните три години (2021, 2022 и 2023), општината преку Програмата за социјална заштита, за реализација на социјалниот план издвојува околу педесетина илјади евра годишно. Степенот на реализација на средствата варира од 33% во 2021 до 83% во 2023 година.

**Годишен буџет за социјална заштита на Општина Велес**

| Година | Планирани средства МКД | Реализирани средства МКД | Реализација на средствата (%) |
|---|---|---|---|
| 2021 | 2.900.000 | 2.403.176 | 83% |
| 2022 | 3.350.000 | 1.157.622 | 70'% |
| 2023 | 3.550.000 | 1.159.924 | 33% |

*Табела 1: Годишен буџет за социјална заштита на Општина Велес*

Од овие средства за социјални услуги се издвојуваат од 50.000 денари во 2021 година, до 300.000 денари во 2023 година, што е помалку од 10% од вкупниот годишен буџет за социјална заштита.

Според годишните извештаи, во 2021, 2022 и 2023 година, општината наменила по 50.000 денари годишно за одржување на адаптираното возило за лица со попречености на меѓуопштинското здружение Мобилност, кое е донација.

Во 2022 и 2023 година, општината издвоила 50.000 денари годишно за Општинската организација на Црвен крст Велес. Во 2022 година за прв пат, 50.000 денари биле наменети за Здружението на лица со церебрална парализа и други попречености, за социјалната услуга мал групен дом - живеење со поддршка на лица со попречености

# 3. Клучни наоди по општини

## 3.1 Општина Велес

Во 2023 година има зголемување на буџетот за социјални услуги: 50.000 денари за помош на стари лица во домашни услови, 50.000 денари, за лична асистенција на лица со ограничена мобилност и 100.000 денари за живеење со поддршка (мал групен дом 10 лица), во реализација на Здружението на лица со церебрална парализа и други попречености.

Дополнително во 2023 година преку проектот Центар за социјална инклузија Together обезбедени се средства во висина од 1.322.200 денари,за период од април 2023 до април 2024 година. Проектот го спроведува Здружението на лица со церебрална парализа и други попречености Велес и е поддржан од меѓународни донатори и од Општина Велес.

Во Велес, од десет предвидени социјални услуги во Социјалниот план 2021-2025, за три години обезбедени се четири: сервисни услуги за стари лица, персонална асистенција, центар за социјална инклузија и мал групен дом за лица со попреченост.

Останатите шест социјални услуги предвидени со Социјалниот план - дневен центар за деца во ризик, мал групен дом за стари лица, прифатен центар за бездомни лица, куќа на пола пат, сигурносна куќа и дом за стари лица – се уште не се започнати со реализација.

На територијата на општина Велес има само два субјекти кои се лиценцирани како даватели на услуги: Општинската организација на Црвен крст Велес и Здружението на лица со церебрална парализа и други попречености.

# 3. Клучни наоди по општини

## 3.2. Општина Струмица

Општина Струмица има донесено Социјален план 2021 – 2024 година, објавен на интернет-страницата на општината **[1]**. Во февруари 2022, со одлука на Советот на општината, формиран е и општински совет за социјална заштита, кој има 21 членови - претставници на институции и здруженија на граѓани. Заклучно со јуни 2024, Општина Струмица сѐ уште не го започнала процесот на подготовка на нов социјален план.

Според добиените информации од општината, програмите за реализација на Социјалниот план за периодот 2021 - 2024 година се составен дел на годишните програми во областа на социјалната заштита. Нашата анализа на општинската годишна програма за социјална заштита за 2023 **[2]** покажа дека активностите за реализација на Социјалниот план не се детално опишани (Фотографија бр.1). Исто така, не се наведени износот на буџетските средства за планираните активности и изворите на финансирање.

Во програмата за социјална заштита за 2022 година е наведено дека нејзините активности се во контекст на реализација на Стратегијата за социјална заштита, Социјалниот план 2021 – 2024 и концептот „Струмица – грижлив град“. Меѓутоа, не се дефинирани активности преку кои ќе се реализира социјалниот план.

---

**[1]** Социјален план на Општина Струмица (2021 – 2024), https://strumica.gov.mk/wp-content/uploads/2022/07/%D0%9E%D0%BF%D1%88%D1%82%D0%B8%D0%BD%D0%B0-%D0%A1%D1%82%D1%80%D1%83%D0%BC%D0%B8%D1%86%D0%B0-%D0%A1%D0%BE%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0%D0%BB%D0%B5%D0%BD-%D0%BF%D0%BB%D0%B0%D0%BD-2021-2024.pdf

**[2]** Службен гласник на општина Струмица бр.22 од 30.12.2022 година: Програма за активностите на Општина Струмица за областа на социјалната и детската заштита, стр.193, https://strumica.gov.mk/wp-content/uploads/2023/02/22.Sl-glasnik.pdf

# 3. Клучни наоди по општини

## 3.2. Општина Струмица

30.12.2022 год. бр. 22 Службен гласник на општина Струмица стр. 193

| Бр. | Опис на ставката (активноста) | Време на реализација(месеци) | | | | | | | | | | | | Извори на финансирање |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | |
| 1. | Реализација на планирани приоритети од Стратегијата за социјална заштита на граѓаните на Општина Струмица со акциски план 2022-2027 година за фискалната 2023 | | | | | | | | | | | | | општина |
| 2. | Реализација на активности од Социјалниот План на Општина Струмица за 2023 година | | | | | | | | | | | | | општина |

*Фотографија1: Од годишната програма на Општина Струмица за 2023 година*

Побарани се информации и за извештаите за реализација на социјалниот план за изминатите три години. Одговорот од општината е дека бараните „извештаи се вклопуваат со извештаите за реализација на активностите во областа на социјалната заштита“.

Во Социјалниот план на Општина Струмица (2021 – 2024) предвидени се седум социјални услуги, а според добиените информации од општината, заклучно со 2023 година, обезбедени се само две услуги – за стари и изнемоштени лица и за лица со попреченост. За оваа намена, Општината има склучено два договори со лиценцирани даватели на социјални услуги. Едниот е склучен во 2021 година со приватната установа за социјална заштита Опен Харт – Струмица, за услугата „Помош и нега на стари и изнемоштени лица во домот“. „Опен Харт“ сè уште ја испорачува оваа социјална услуга. Средствата за давателот на услугата, од 2021 до 2023 година, изнесуваат над 420.000 евра, односно по 210.204 евра на годишно ниво (12 милиони и деветстотини денари). Овие средства се обезбедени од МТСП.

# 3. Клучни наоди по општини

## 3.2. Општина Струмица

Во 2023 година Општината склучила договор со Едупрактика - Струмица за услугата „Индивидуален третман во центар за дневен престој за лица со попреченост и индивидуален третман“.
Од општинскиот буџет во 2023 за Едупрактика се издвоени нешто повеќе од 92.000 евра (5.665.511 денари), од кои 1.400 евра за воспоставување на услугата и 90.700 евра (5.578.080 денари) за давање на услугата. Услугата се реализира и во 2024 година. Дополнително, од МТСП за овој давател на услуга издвоени се средства во висина од 29.915 евра или 1.839.784 денари.

Според Регистарот на лиценцирани даватели на социјални услуги, освен овие два оператори, на територијата на Општина Струмица дозвола за вршење работи од областа на социјалната заштита имаат и други правни лица за рехабилитација и реинтеграција за лица кои имаат проблем со зависности од дрога, други психотропни супстанции и други маргинализирани услуги, за сместување во установа на стари лица, како и за времен престој на жртви на семејно насилство.
Од Општината не добивме информации за овие социјални услуги.



# 3. Клучни наоди по општини

## 3.3 Општина Куманово

Иако Социјалниот планна Општина Куманово (2023-2026) се реализира неполни две години, најголем дел од предвидените социјални услуги веќе се воспоставени, а програмите за социјална заштита за 2023 и 2024 година се изготвени во согласност со овој стратешки документ.

Од анализата на социјалниот план на општината која покрива над 98.000 жители, може да се заклучи дека сите шест вида социјални услуги дефинирани во системот на социјална заштита, веќе им се нудат на граѓаните, а нереализиран останува само мал дел од предвидените услуги.

Општина Куманово редовно обезбедува услуги за информирање и упатување, за стручна помош и поддршка, и услуги за советување преку Општинскиот центар за социјални услуги за упатување и информирање на граѓаните, центарот за поддршка на ученици со попреченост, ресурсниот центар за деца/лица со попреченост и нивните семејства и советувалиштето за жртви на родово базирано и семејно насилство „Конфор зона“. Преку граѓански здруженија обезбедени се и услуги за лична асистенција на лица со попреченост, за помош и нега во домот, а од услуги во заедницата се нудат услуги за дневен престој за лица со интелектуална попреченост, како и нивна рехабилитација и реинтеграција, потоа за деца во социјален ризик и центри за ран детски развој. Од услугите за времен престој обезбедено е прифаќање на жртви на родово базирано и семејно насилство.

Преку сместување во Домот за стари лица Зафир Сајто, општината ја нуди и услугата за вон-семејна заштита, а за услугата сместување во згрижувачки семејства општината дава поддршка преку субвенцирање на комуналните услуги – 900 денари за вода и 300 денари за смет.

# 3. Клучни наоди по општини

## 3.3 Општина Куманово

Иако во 2021 и 2022 година Општина Куманово немала социјален план, сепак обезбедила делумна финансиска поддршка на здруженија, други правни или физички лица, кои од МТСП имаат лиценца за овластени даватели на социјални услуги. За делегирана надлежност од страна на Општина Куманово кон овластени даватели на социјални услуги во 2021 година биле издвоени 1.5 милиони денари или 24.400 евра, а во 2022 година два милиони денари, односно 32.500 евра.

Во 2023 година, по распишан јавен оглас, Општината доделила три милиони денари на граѓански здруженија за воспоставување нови социјални услуги мапирани во социјалниот план: центар за рехабилитација и реинтеграција на возрасни лица со умерена и тешка интелектуална попреченост, центар за индивидуални дневни услуги за деца со попреченост, грижа за стари лица во домашни услови и центар на заедницата за поддршка на децата на улица.
Од Програмата за социјална заштита на Општина Куманово за 2023 година не се реализирани превентивните активности за подигнување на јавната свест на граѓаните и активностите на мултидисциплинарниот тим за постапување со деца на улица.

За 2024 година, со Програмата за социјална заштита за социјални услуги се предвидени четири милиони денари (65.000 евра) од кои распределени се три милиони или 48.780 евра на пет граѓански организации. И во овој случај се работи за нови услуги кои се дел од социјалниот акциски план, како што се: центарот за дневен престој на деца во социјален ризик, кризен центар за прифаќање на жртви на родово базирано и семејно насилство, услуги за рана превенција на деца и иновативната услуга за едукација, ресоцијализација и вработување на лица со посебни потреби. Во следниот период треба да бидат распределени и преостанатите еден милион денари.

# 3. Клучни наоди по општини

## 3.3 Општина Куманово

Од јули 2024 година функционира и народна кујна за лицата кои се во најголем социјален ризик, за која од општинскиот буџет се обезбедени 5,4 милиони денари (близу 88.000 евра) за околу 70 корисници.

Како нови социјални услуги кои се предвидени со социјалниот план , а кои сè уште не се реализирани остануваат единствено услугите за времен престој и тоа: центар за згрижување бездомни лица и регионален центар за жртви на семејно насилство (засолниште или шелтер центар), кој би требало да биде отворен во соработка со општините од Североисточниот регион. Од услугите за вон-семејна заштита, пак, предвидено е живеење со поддршка за лица со институционална попреченост кои се сместени во институции или кои немаат блиски сродници. Планирани се пет корисници кои би биле сместени во една станбена единица. Предвидениот рок за нивна реализација изнесува три години и се планира да бидат функционални според утврдената временската рамка, односно до крајот на 2026 година.

Како активен учесник во Програмата за општинско корисна работа (ОКР) која ја спроведуваат МТСП, Агенцијата за вработување (АВРСМ) и Програмата за развој на Обединети нации (УНДП), Општина Куманово од 2013 година обезбедува социо-образовни услуги за учениците со попреченост вклучени во редовното инклузивно образование преку ангажирање образовни и лични асистенти. Во 2021 и 2022 година реализиран е проектот „Локална мрежа на услуги“, а во 2022/23 и 2023/24 година овие услуги се нудат преку проектот „Инклузивна училница“, во која се ангажираат по 13 образовни и двајца лични асистенти.

# 3. Клучни наоди по општини

## 3.3 Општина Куманово

### Социјални услуги предвидени во Социјалниот план на Општина Куманово (2023-2026)

| Социјални услуги | Форма | Даватели на услугите |
|---|---|---|
| **1.Услуги на информирање и упатување** | Општински центар за за социјални услуги за упатување и информирање на граѓаните | Општина Куманово |
| **2. Услуги на стручна помош и поддршка** | Центар за поддршка на ученици со попреченост<br>Ресурсен центар за деца/лица со попреченост и нивните семејства | Здружение за промоција и развој на инклузивно оптштество „Инклузива“ |
| **3. Услуги на советување** | Ресурсен центар за деца/лица со попреченост и нивните семејства | Здружение за промоција и развој на инклузивно оптштество „Инклузива“ |
| | Советувалиште за жртви на родово базирано и семејно насилств „Конфор зона“. | Хуманитарно здружение „Мајка“ |
| **4. Услуги во домот** | | |
| Помош и нега во домот | Помош и нега во домашни услови за лица со интелектуална попреченост и за стари и изнемоштени лица | ЈОУ Дом за стари лица Зафир Сајто и ЗдружениетоРегионален центар за лица со интелектуална попреченост „Порака наша“<br>Општинскиот Црвен крст Куманово |
| Лична асистенција | Сертифицирани лични асистенти | Здружение за промоција и развој на инклузивно општество „Инклузива“<br>Општинскиот Црвен крст Куманово |

*Табела 2 : Социјални услуги предвидени во Социјалниот план на Општина Куманово (2023-2026)*

# 3. Клучни наоди по општини

## 3.3 Општина Куманово

### Социјални услуги предвидени во Социјалниот план на Општина Куманово (2023-2026)

| Социјални услуги | Форма | Даватели на услугите |
|---|---|---|
| **5. Услуги во заедницата** | | |
| Дневени услуги - услуга на дневен престој | Дневен центар за лица со интелектуална попреченост до 18 години | МТСП |
| | Дневниот центар за лица со интелектуална попреченост над 18 години „Порака наша“ | Здружение Регионален центар за лица со интелектуална попреченост |
| | Центри за ран детски развој „Бамби“ и „Сонце“ | Родители |
| | Центар за ран детски развој „Балтазар“ | Приватно правно лице |
| | Центар за дневен престој на деца во социјален ризик | ДРОМ |
| | Центар за рехабилитација и реинтеграција на лица со попреченост | Здружението Регионален центар за лица со интелектуална опреченост „Порака наша“ |
| | Центар за дневни индивидуални услуги за деца и лица со попреченост | Здружение за промоција и развој на инклузивно општество „Инклузива“ |
| Времени услуги- услуга за времен престој | Кризен центар за жртви на родово базирано и семејно насилство | ХЗ Мајка |

*Табела 2 : Социјални услуги предвидени во Социјалниот план на Општина Куманово (2023-2026)*

# 3. Клучни наоди по општини

## 3.3 Општина Куманово

### Социјални услуги предвидени во Социјалниот план на Општина Куманово (2023-2026)

| Социјални услуги | Форма | Даватели на услугите |
|---|---|---|
| **6. Услуги на вонсемејна заштита** | | |
| Сместување во установа | Сместување на стари лица | ЈОУ Дом за стари лица Зафир Сајто |
| Згрижување во семејство | Сместување во згрижувачки семејства | Згрижувачки семејства |
| Живеење со поддршка | / | / |
| **Обезбедување социјални услуги преку Програмата за општинско корисна работа** | **1. Проект„Инклузивна училница“ОКР 22/23**<br>1.1. Учество на Општина Куманово 510.000<br>1.2 Учество на Програмата ОКР 540.000<br>**Вкупно средства: 1.050.000**<br><br>**2. Нов проектен циклус Програма ОКР 23/24**<br>1.1. Учество на Општина Куманово 500.000<br>1.2 Учество на Програмата ОКР 500.000<br>**Вкупно средства: 1.000.000** | МТСП / Општина Куманово |

*Табела 2 : Социјални услуги предвидени во Социјалниот план на Општина Куманово (2023-2026)*

# 3. Клучни наоди по општини

## 3.3 Општина Куманово

Општина Куманово на нашето барање за пристап до информации од јавен карактер, одговори дека немаат склучено договори со лиценцирани даватели на социјални услуги, затоа што здруженијата потпишуваат управни договори со МТСП. Во Регистарот на лиценцирани даватели на социјални услуги, пак, се евидентирани повеќе здруженија од оваа општина: за услуги во домот - лична асистенција „Инклузива“ и Општинскиот Црвен крст, кој има лиценца и за помош и нега во домот. Од услуги во заедницата, „Порака наша“ е регистрирана за услугата рехабилитација и реинтеграција, „Детска светлина“ за центар за дневен престој на лица со попреченост-индивидуален третман, за што лиценца има и Здружението за лица со посебни потреби „Прогрес“, додека Хуманитарното здружение „Мајка“, поседува лиценца за услуги за советување.

Советот за социјална заштита на Општина Куманово е формиран во 2019 година. Го сочинуваат 15 членови и тоа 8 претставници од законски утврдените субјекти, како и 7 претставници од општинската администрација. Истовремено, функционира и Совет за социјална заштита на Североисточен плански регион.



# 3. Клучни наоди по општини

## 3.4 Општина Крива Паланка

Центарот за помош и нега во домашни услови и дневниот центар за стари лица со активно стареење се најголемите и најзначајни проекти од Социјалниот план на Општина Крива Паланка 2021-2024, што се реализирани во рамки на предвидените услуги во домот и услуги во заедницата.

Иако во овој документ се наведени девет нови социјални услуги, чија реализација главно е предвидена за период од две години, најголем дел од нив сè уште не им се нудат на корисниците во оваа локална заедница која брои околу 18.800 жители. Засега се испорачуваат само три вида социјални услуги. Од услуги во заедницата - дневен центар за лица со интелектуална и умерена попреченост и дневен центар за активно стареење, а од услуги во домот - помош и нега во домот, финансирани од МТСП, а со минимална поддршка од општината. Во тек на реализација е и услугата во заедницата - сместување во установа преку изградба на дом за стари лица за кој е изготвена техничка документација.

За услугата помош и нега во домот за стари и изнемоштени лица вложени се 30.000 евра од МТСП преку Светска банка, како и дополнителни приближно 150.000 евра, за испорачување на услугата за една година. Општина Крива Паланка учествувала со сопствена поддршка од 3.200 евра. Давател на услугите е Општинскиот Црвен крст, а во 2022 година биле вклучени 20 негуватели и71 корисник. За 2023 година обезбедени биле 185.000 евра од МТСП со кои услуга во домот добивале 82 корисници од 30 сертифицирани негуватели. Услугата во 2024 година е проширена на 113 корисници опслужувани од 40 негуватели. За периодот јануари - август 2024 добиени се околу 221.000 евра од МТСП, додека општината обезбедила 3.200 евра за спроведување на обука за негуватели, како и дополнителни 813 евра за набавка на апарати и реквизити за потребите на негувателите и корисниците.

# 3. Клучни наоди по општини

## 3.4 Општина Крива Паланка

Во 2023 година воспоставена е и услугата дневен центар за стари лица со активно стареење во што се вложени околу 92.500 евра од буџетот на МТСП со кои се прошириле, реконструирале и адаптирале капацитетите и се ангажирале 2 лица во Црвен крст Крива Паланка кој е давател на услугата. Од буџетот на Општина Крива Паланка за овој центар, кој го посетуваат околу 50 корисници, биле издвоени 4.000 евра. Годинава (2024), заклучно со август, за оваа услуга се обезбедени околу 28.500 евра, додека општината планирала поддршка од 1.000 евра за спроведување работилници.

Уште една услуга во заедницата која е предвидена во социјалниот план, а е во фаза на реализација е домот за стари лица во Крива Паланка. Во 2023 година, општината обезбедила техничка документација за реконструкција и адаптација на училишниот дом „Боро Менков", со капацитет за 21 корисници и 18 функционални соби, кој ќе се реализира во две фази. За изградбата веќе е доставен проект до МТСП во висина од околу 660.000 евра.

Преку Програмата за општинска корисна работа (ОКР) спроведена е и воспитно-образовната услуга за учениците со попреченост вклучени во редовниот процес на образование. Во 2021 година, Општина Крива Паланка инвестирала 3.250 евра од вкупно 10.600 евра за ангажирање на 7 воспитно-образовни асистенти. Останатите средства се обезбедени од УНДП. Следната 2022 година, за 5 ангажирани лица инвестирани се вкупно 6.600 евра, од кои општината обезбедила 1.300 евра, додека во 2023 година за општокорисна работа наменети се 8.000 евра, од кои 1.600 евра се од општинскиот буџет.

Услугите за информирање и упатување, за стручна помош и поддршка, и за советување и натаму ги врши Меѓуопштинскиот центар за социјални работи Крива Паланка. Дополнително, здружението „Порака", дава услуги од советодавна работа, но само за своите членови - лица со интелектуална попреченост.

# 3. Клучни наоди по општини

## 3.4 Општина Крива Паланка

Планираните проекти на општината за отворање инфо-точка, советувалишна работа на граѓански организации, младински центар и живеење со поддршка во мали станбени единици, не се овозможени и најверојатно ќе бидат вклучени во новиот социјален план.

Општината не ги реализирала ниту социјалните услуги за живеење со поддршка на стари изнемоштени лица и лица со попреченост во посебни станбени единици, формирање групен дом, помош и поддршка на жени и лица жртви на семејно насилство, формирање советувалиште за психосоцијална поддршка и помош за постковид состојбите и обука за лична/персонална асистенција, предвидени со програмите за социјална заштита за 2021, 2022 и 2023 година.

**Нереализирани социјални услуги од Социјалниот план 2021-2024 на Општина Крива Паланка**

| Социјални услуги | Форма | Планирани средства ЕВРА | Период на реализација |
|---|---|---|---|
| **Живеење со поддршка** | **Мали станбени единици** | **400.000** | **24 месеци** |
| **Услуга во заедницата и услуги за советување** | **Младински центар** | **200 000** | **24 месеци** |
| **Услуга во заедницата** | **Сензорна соба** | **10.000** | **24 месеци** |
| **Услуги за информирање и упатување** | **Давање на социјални услуги** | **10.000** | **18 месеци** |

*Табела 3: Нереализирани социјални услуги од Социјалниот план 2021-2024 на Општина Крива Паланка*

# 3. Клучни наоди по општини

## 3.4 Општина Крива Паланка

До крајот на годинава општинскиот социјален совет ќе одлучи на кој начин ќе се изработува новиот социјален план.

Општината има склучено договор со лиценцираниот давател на услуги,Црвен крст од Крива Паланка кој е регистриран за помош и нега на стари лица во домашни услови и услуги за дневен престој на стари лица со активно стареење.

Во Општинскиот совет за социјална заштита членуваат двајца претставници на граѓански сектор (едниот е и претседател), по еден претставник на општината, меѓуопштинскиот центар за социјални работи, здравствениот дом, претставници од двете основни и средното училиште, детската градинка, ученичкиот дом и МВР.



# 3. Клучни наоди по општини

## 3.5 Општина Свети Николе

Општина Свети Николе во март 2024 година усвои Социјален план за периодот 2024-2027 и формираше општински совет за социјална заштита со 20 претставници од општинската администрација, институции, установи и претставници на граѓански организации.

Програма за реализација на социјалниот план сè уште нема донесено, но според добиените информации општината, за 2024 година има програма за социјална заштита, а дел од социјалните услуги не се влезени во таа програма бидејќи Социјалниот план 2024-2027 е донесен после усвојување на годишната програма.

Во Свети Николе нема лиценцирани даватели на социјални услуги, а до сега немало заинтересирани субјекти за лиценцирање за новите социјални услуги. Според добиените информации од општината во тек е обука на локална граѓанска организација за добивање лиценца.

Во 2022 година, на иницијатива на Црвениот крст Штип бил објавен оглас за платена обука на 12 негувателки за стари лица од Свети Николе. На огласот се пријавиле 11 жени, а обуката ја завршиле 6 негувателки на стари лица. На територијата на општина Свети Николе, ниту една од обучените негувателки не е работно ангажирана, додека негувателки за лична асистенција од општина Штип им даваат услуги на корисници во селото Ерџелија и други места во општината, според потреба и проценка на Меѓуопштинскиот центар за социјална работа – Свети Николе. Овие негувателки се ангажирани преку Црвен Крст Неготино, кој е регистриран давател на услуги за сите категории.

Во Свети Николе постои дневен центар за лица со телесна и интелектуална попреченост кој е отворен во 2010 година и функционира како организациска единица на Меѓуопштинскиот центар за социјална работа - Свети Николе.

# 3. Клучни наоди по општини

## 3.5 Општина Свети Николе

Услугите на дневниот центар ги користат 13 корисници, на возраст од 18 до 56 години, од кои 5 со тешка интелектуална попреченост, 5 со комбинирани пречки во развојот и 3 со умерена интелектуална попреченост. Финансирањето на дневниот центар е преку МТСП.

Проектот „Народни кујни" постои за старите и немоќни лица кои поради материјална необезбеденост се наоѓаат во исклучително тешка социјална положба. Корисници се околу 83 лица, а финансирањето е преку МТСП.

Организацијата на жени на општина Свети Николе и дава услуга на групата за самопомош на жените заболени и излекувани од малигни болести, како и на новозаболените жени, со финансиска помош од општината во износ од 200.000 денари за 2024 година, преку програмата за поддршка на здруженија на граѓани и фондации.



# 3. Клучни наоди по општини

## 3.6 Општина Ново Село

И покрај законските обврски за успешно остварување на социјалната заштита на локално ниво, Општина Ново Село се уште нема изработено социјален план, ниту пак, е започнат процес за негова подготовка, а нема ниту социјален совет.

Според добиените информациите, општината не издвојува буџетски средства за реализација на социјални услуги.

Општина Ново Село во 2022, 2023 и 2024 година има склучено три договори со лиценциран давател на услугата за помош и нега во домот. Сите три договори се склучени со Црвен крст - Струмица. Средствата за испорачување на овој вид услуга изнесуваат вкупно 10 милиони денари и се обезбедени од МТСП.

